СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 301 **18 декември 2020, петок** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4119.	**Одлука** за предвремена примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.....	**2**
	Огласен дел.....	**1-8**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4119.

Врз основа на член 23 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ПРИМЕНА НА СПОГОДБАТА ЗА ПАРТНЕРСТВО, ТРГОВИЈА И СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА

1. Се одобрува предвремената примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, потпишана на 3 декември 2020 година. Предвремената примена ќе започне на 1 јануари 2021 година или по денот на истекот на преодниот период договорен меѓу Европската Унија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Составен дел на оваа одлука е Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11920/1
11 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

Спогодба за партнерство, трговија, и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА („Северна Македонија") и ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА („Обединето Кралство") - (во натамошниот текст под заеднички назив „Страните"),

ИМАЈЌИ ПРЕДВИД дека Спогодбата за Стабилизација и асоцијација меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија[1], склучена во Луксембург на 9 април 2001 година (во натамошниот текст „Спогодбата ЕУ-Северна Македонија") ќе престане да важи за Обединетото Кралство по завршувањето на преодниот договор за време на кој оваа Спогодба ќе продолжи да важи за Обединетото Кралство;

ИМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД принципите наведени во преамбулата на Спогодбата ЕУ-Северна Македонија и со желба правата и обврските меѓу Страните, како што е наведено во Спогодбата ЕУ-Северна Македонија да продолжат да важат како што се изменети со оваа Спогодба;

СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОВО:

Член 1

Цели

1. Главната цел на оваа Спогодба е да се зачуваат односите меѓу Страните, засновани со асоцијацијата воспоставена во членот 1 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија.

2. Конкретно, Страните се согласни да се зачуваат повластените услови поврзани со трговијата меѓу Страните што настана како резултат од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија и да обезбедат платформа за понатамошна трговска либерализација меѓу Страните.

3. Со цел да се избегнат нејасностите, се потврдува дека Страните ќе воспостават асоцијација, како и слободна трговска зона за стоки и сродните правила во согласност со оваа Спогодба, потврдувајќи ги начелата од член 1 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија (како што е изменето со овој инструмент).

---

[1] Склучен како „Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна, и поранешната Југословенска Република Македонија, од друга страна".

Член 2

Дефиниции и толкувања

1. Преку овој инструмент:

„Дополнителен протокол" значи Дополнителен протокол со кој се усогласуваат трговските аспекти на Спогодбата ЕУ–Северна Македонија, за да се земе предвид исходот од преговорите меѓу страните за реципрочни преференцијални отстапки за одредени вина, реципрочното признавање, заштита и контрола на имињата на вината и реципрочно признавање, заштита и контрола на ознаките на алкохолните и ароматизираните пијалаци, склучен во Брисел на 18 декември 2001 година[2].

„Инкорпорираната спогодба" се однесува на одредбите од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија до степенот до кој се инкорпорирани во оваа Спогодба (и соодветни изрази треба да се читаат соодветно на ова); и

„*mutatis mutandis*" се однесува на техничките промени потребни за примена на Спогодбата ЕУ-Северна Македонија како да е склучена меѓу Обединетото Кралство и Северна Македонија, земајќи ги предвид целите на оваа Спогодба.

2. Во содржината на Инкорпорираната спогодба и овој инструмент, изразот „оваа Спогодба" се однесува на целосната спогодба која го сочинува овој инструмент и одредбите од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија како што се инкорпорирани со членот 3(1).

3. Упатувањата на финансиската соработка во Инкорпорираната спогодба покриваат спектар на форми на соработка и средства кои може да се појават, вклучително и помош која е обезбедена преку мултилатерални или регионални организации.

Член 3

Инкорпорирање на Спогодбата ЕУ-Северна Македонија

1. Одредбите од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија кои се на сила непосредно пред да престанат да важат за Обединетото Кралство се инкорпорирани и се дел од оваа Спогодба *mutatis mutandis*, согласно одредбите од овој инструмент.

2. Обврските од Заедничките изјави дадени од страните на Спогодбата ЕУ-Северна Македонија, а во врска со Спогодбата, наведени во Анекс I на овој инструмент ќе се

[2]Склучен како „Дополнителен протокол за прилагодување на трговските аспекти на Спогодбата за асоцијација и стабилизација помеѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна, и Поранешната Југословенска Република Македонија, од друга страна, со цел земање предвид на исходот о преговорите помеѓу страните во врска со реципрочната преференцијални концесии за одредени вина, заштита и контрола на имињата на винаа, како и реципрочното признавање, заштита и контрола на ознаките на алкохолните и ароматизираните пијалаци".

примепуваат со истиот правен ефект *mutatis mutandis*, за страните на ова Спогодба, во согласност со одредбите од овој инструмент.

Член 4

Упатување на правото на Европската Унија

1. Доколку не е поинаку уредено, упатувањата на оваа Спогодба кои се однесуваат на правото на Европска Унија се сметаат за упатување на правото на Европска Унија кое е во сила како што е инкорпорирано, односно како што се применува во законите на Обединетото Кралство како задржано право на Европската Унија на денот кога Обединетото Кралство престанува да има обврски во рамките на, односното право на Европска Унија.

2. Во овој член, „право на Обединетото Кралство" ги вклучува законите на територите чии надворешни односи се во надлежност на Обединетото Кралство, а кои се вклучени во оваа Спогодба како што е наведено во член 6.

Член 5

Упатување на еврото

Независно од член 3(1), упатувањето на еврото (вклучително и „EUR" и „€") во Инкорпорираната спогодба ќе продолжат да се читаат на истиот начини во рамките на оваа Спогодба.

Член6

Територијален делокруг на примена

1. Со цел да се избегнат нејасностите во врска со инкорпорираниот член 124, оваа Спогодба се применува, во однос на Обединетото Кралство, до степенот и согласно условите од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија кои се применувале непосредно пред да престанат да важат за Обединетото Кралство, за Обединетого Кралство и следните територии чиишто надворешни работи се во негова надлежност:

а. Гибралтар; и

б. Каналските острови и Островот Ман.

2. Независно одставот 1 и членот 12, Спогодбата се применува за Гибралтар, Каналските острови и Островот Ман од датумот на писмено известување од страна на Обединетото Кралство кон Северна Македонија за важењето на Спогодбата на овие територии.

Член 7

Продолжување на временскиот период

1. Освен доколку со овој инструмент не е поинаку уредено:

(а) доколку одредениот временски период од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија не е завршен, остатокот од тој период се инкорпорира во оваа Спогодба; и

(б) доколку одредениот временски период од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија е завршен, тековните права или обврски се применуваат меѓу Страните и тој период не се инкорпорира во оваа Спогодба.

2. Независно од став 1, нема да биде засегнато упатувањето на период во Инкорпорираната спогодба кој се однесува на постапка или друго административно прашање (како ревизија, комисиска постапка или известување).

Член 8

Тарифни квоти

1. Освен ако не е поинаку предвидено во Инкорпорираната спогодба, периодот на администрирање на тарифните квоти во Инкорпорираната спогодба во член 27(2), Анекс IV(б) Анекс IV(в), Анекс V(в) и Анекс III од Протоколот 3 и Анекс I на Дополнителниот протокол, ќе биде од 1 јануари до 31 декември за секоја година додека оваа Спогодба е во сила.

2. Доколку оваа Спогодба влезе во сила парцијално преку административен период, обемот на секоја тарифна квота се реопределува и се применува на прората основа од денот на влегување во сила на оваа Спогодба до 31 декември истата година.

Член 9

Натамошни одредби во врска со Советот за партнерство, трговија и соработка и Комитетот за партнерство, трговија и соработка

1. Советот кој го воспоставуваат страните, како што е конкретно уредено со инкорпорираниот член 108, треба да се грижи за правилната примена на оваа Спогодба. За целите на оваа Спогодба овој Совет се нарекува Совет за партнерство, трговија и соработка, и секое повикување на Советот за стабилизација и асоцијација во Инкорпорираната спогодба (вклучително и сите Комитети формирани во рамки на инкорпорираните членови 112 и 114) ќе се смета соодветно на овие членови.

2. Доколку Страните не се договорат поинаку, одлуките донесени од страна на Советот за стабилизација и асоцијација или Комитетот за стабилизација и асоцијација воспоставени со Спогодбата ЕУ-Северна Македонија пред таа да престане да важи за Обединетото Кралство, до степенот до кој тие одлуки се однесуваат за Страните на оваа Спогодба, се сметаат за усвоени, *mutatis mutandis* и во согласност со одредбите на овој инструмент, од страна на Советот за партнерство, трговија и соработка или

Комитетот за партнерство, трговија и соработка кон Страните ги воспоставиле во согласност со инкорпорираните членови 108 и 112.

3. Ништо од став 2 не ги спречува Советот за партнерство, трговија и соработка или Комитетот за партнерство, трговија и соработка воспоставени со оваа Спогодба да носат одлуки кои се различни, ги менуваат, поништуваат или заменуваат одлуките за кои се сметале дека се усвоени од нив во согласност со тој став.

Член 10

Составни делови на оваа Спогодба

1. Анексите и фуснотите на овој инструмент се составни делови на оваа Спогодба.

2.Ништо во овој член не влијае на членот 121 од Инкорпорираната спогодба, изменета со овој инструмент.

Член 11

Измени

1. Страните, во писмена форма, може да се согласат да ја изменат оваа Спогодба. Измената влегува во сила на првиот ден од првиот месец по датумот на известувањето од втората страна во кое се информира првата Страна дека ги завршила своите внатрешни процедури, или на датумот договорен од Страните.

2. Независно од став 1, Советот за партнерство, трговија и соработка може да одлучи дека анексите и протоколите на оваа Спогодба треба да се изменат. Страните може да ја усвојат одлуката на Советот за партнерство, трговија и соработка во согласност со нивните важечки законски барања и процедури.

Член 12

Влегување во сила и предвремена примена

1. Членовите 127 и 128 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија не се инкорпорирани во оваа Спогодба.

2. Секоја од Страните ќе ја информира другата страна во писмена форма, преку дипломатски канали, за завршувањето на законските процедури за влегување во сила на оваа Спогодба.

3. Оваа Спогодба влегува во сила на подоцнежниот датум од:

а. датумот на кој Спогодбата ЕУ-Северна Македонија престанува да важи за Обединетото Кралство; или

б. датумот на известувањето од втората Страна дека ги завршиле нивните внатрешни процедури.

4. До влегувањето во сила на оваа Спогодба, државите преговарачки може да се договорат привремено да ја користат оваа Спогодба, или некоја нејзина конкретна одредба преку размена на известувања за завршување на ратификациската постапка или друга домашна процедура потребна за предвремена примена. Таквата предвремена примена ќе влезе во сила на подоцнежниот датум од:

(а) датумот на кој Спогодбата ЕУ-Северна Македонија престанува да се применува за Обединетото Кралство; или

(б) датумот на известување од втората од државите преговарачки.

5. Државата преговарачка може да ја прекине времената примена на оваа Спогодба преку писмено известување на другата држава преговарачка. Таквиот прекин ќе влезе во сила еден месец по датумот на известување.

6. Онаму каде оваа Спогодба или делови од неа се применуваат времено, терминот „влегувањето во сила на оваа Спогодба" во сите времено применливи одредби се смета дека се однесува на датумот на влегување во сила на времената примена.

7. Обединетото Кралство ќе испрати писмено известување во согласност со овој член до Министерството за надворешни работи на Северна Македонија или неговиот наследник. Северна Македонија ќе испрати известување во согласност со овој член до Министерството за надворешни работи и работи на Комонвелтот на Обединетото Кралствои развој или неговиот наследник.

Во сведоштво на тоа, долупотпишаните, соодветно овластени претставници од Владите, ја потпишаа оваа Спогодба.

Изготвено во два примероци во Скопје на _____ декември 2020 година, на македонски и англиски јазик, двата текста се еднакво важечки.

За Владата на Република Северна Македонија

За Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

I. АНЕКС I

Инкорпорирањето на одредбите од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија во оваа Спогодба понатаму е изменето како што следи и како што е наведено во Анекс II и III на овој инструмент:

1. ИЗМЕНИ НА ЧЛЕН 1

(а) Во вториот став на членот 1 (2) зборовите „и преку усогласување на своето законодавство со она на Заедницата" не е дел од оваа Спогодба.

2. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА I
ОПШТИ НАЧЕЛА

(а) Во членот 3:
зборовите „Процесот на стабилизација и асоцијација. Склучувањето и спроведувањето на оваа Спогодба се во рамките на регионалниот пристап на Заедницата, дефиниран со заклучоците на Советот од 29 април 1997 година, заснован врз индивидуалните постигнувања на земјите од Регионот"се заменуваат со „оваа Спогодба"

3. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА II
ПОЛИТИЧКИ ДИЈАЛОГ

(а)Во третата алинеја на член 7, зборовите „вклучително и во областите опфатени со Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија" не се вклучени во оваа Спогодба.
(б)Во членот 9 зборот „ќе" се заменува со „може"
(в)Во членот 10, зборот „ќе" се заменува со „може" и пред „одржува" се додаваат зборовите „кој може да".

4. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА III
РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

(а) Во првиот став од член 11, зборовите „Заедницата, преку програмите за техничка помош, исто така ќе ги поддржува проектите што имаат регионална или прекугранична димензија" се заменуваат со „Обединетото Кралство може да помогне или да ја поддржи таквата регионална соработка, вклучувајќи го наведеното во членовите 11 до14 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија".
(б) Во член 11, вториот став не се инкорпорира во оваа Спогодба.
(в) Членовите 12 до 14 не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

5. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА IV
СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

(а) Член 16(3) се заменува со:

„Страните се обврзуваат да ја продолжат соработката во делот на нуклеарната сигурност, безбедност и радиоактивна заштита, во согласност со принципите и стандардите на Меѓународната агенција за атомска енергија („МААЕ“) и релевантните меѓународни договори и конвенции склучени во рамки на Меѓународната агенција за атомска енергија".

(б) По вториот став на член 27 (1), се додава како нов став:

„Анекс II А уредува дополнителни отстапки во врска со производи предвидени во Поглавја 7 и 8 од Комбинираната номенклатура и вински производи".

(в) Во член 27 (2), зборовите „1650 тони" и „7000 тони" се заменуваат со „225 тони" и „953 тони", соодветно.

(г) Во член 29(1), зборовите „не подоцна од 1 јануари 2003 година" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(д) Во член 35(3) последната реченица не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(ѓ) Член 43 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

6. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА V
ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ, ОСНОВАЊЕ, ДАВАЊЕ УСЛУГИ, КАПИТАЛ

(а) Член 45(1) не се инкорпорира во оваа Спогодба

(б) Во член 46:

i. во првата алинеја на првиот став, зборовите „различни земји членки" се заменуваат со „Обединетото Кралство и различните земји членки на Европската унија" и

ii. пред вториот став, се додаваат нови ставови:

„Независно од горенаведеното, првата алинеја од првиот став не се применува доколку и сè додека Советот за партнерство, трговија и соработка:

(а) не утврди дека во сила се соодветните договори за размена на податоци кои му овозможуваат на Обединетото Кралство да ја примени првата алинеја од првиот став; и

(б) по утврдување на истото, одлучува да ги примени одредбите, со или без измени, или пак да ги замени.

По стапувањето на сила на оваа Спогодба, Советот за партнерство, трговија и соработка ќе ги разгледа состојбите на договорите за размена на податоци

меѓу Обединетото Кралство и Европската Унија и ќе утврди дали тие се соодветни да овозможат примена на првата алинеја од првиот став".

(в) Во член 48(4), зборовите „релевантната практика на Европскиот суд на правдата и" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(г) Во член 55(3), последната реченица не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(д) Во член 56(1), зборовите „на денот кој претходи на стапувањето во сила на Спогодбата" се заменуваат со „31 март2004 година".

(ѓ) Во член 56(2), зборовите „стапувањето на сила на Спогодбата" и „денот на стапувањето во сила на Спогодбата" се заменуваат со „1 април 2004 година".

(е) Во член 57(1), став 1, зборовите „Спогодбата меѓу Европската Унија и Поранешната Југословенска Република Македонија во областа на сообраќајот која стапи во сила на 28 ноември 1997 година" се заменуваат со „Спогодбата за меѓународен патен сообраќај меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Северна Македонија која стапи на сила на 29 јули 2005 година".

(ж) Во член 57(4), зборовите „по стапувањето во сила на оваа Спогодба" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(з) Првиот став од член 57(6), „Во текот на преодниот период ...", не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(ѕ) Член 60 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

По член 67, се инкорпорира следново како нов член:

"Член 67А

1. Независно од тоа што оваа Спогодба не ја обврзува Северна Македонија да го приближи своето законодавство со законодавството на Обединетото Кралство, Страните потврдуваат дека постои усогласеност на нивното законодавство како резултат на Спогодбата ЕУ-Северна Македонија во релевантните сектори. Страните се согласуваат дека функционирањето на следните одредби од оваа Спогодба зависи од континуираното усогласување на нивното законодавство во релевантните сектори:

ГлаваV (Движење на работници, основање, давање услуги, капитал):

- Поглавје I, Движење на работници (член 44);
- Поглавје II, Основање (член 48, 49(1) и член 53); и
- Поглавје III, Давање на услуги (член 55, 56(1) и член 57).

2. Доколку една од Страните смета дека неопходното ниво на усогласеност на нивното законодавство повеќе не е достигнато, Страната може да побара консултации по однос на тоа прашање. Освен доколку Страните не постигнат поинаков договор, консултациите во рамките на овој член ќе се одржат

најдоцна 30 дена по датумот на испраќањето на барањето за консултации од другата Страна („датум за барање на консултации").

3. Доколку прашањето не се реши во рок од 45 дена од датумот за барање на консултации, Страната може да го суспендира функционирањето на одредбите наведени во став 1, откако ќе ја извести другата Страна согласно став 4.

4. Суспендирањето на став 3 нема да се случи пред истекот на 90 дена од датумот на испраќање на барањето наведено во тој став.

5. Доколку страната ги суспендира одредбите согласно став 3, Страните ќе понудат третман на услугите и давателите на услугите на другата Страна еднакво поволен со третманот на услугите и давателите на услугите на трети земји. Преференцијалниот третман доделен од која било Страна на услугите и давателите на услугите на трети земји кој е во согласност со Општата спогодба за трговија со услуги (ГАТС) се исклучуваат од овој став".

7. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА VI

СООБРАЗУВАЊЕ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

(а) Член 68 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(б) Член 69(2) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(в) Во член 69(4) втората алинеја не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(г) Член 70 се заменува со:

„Во однос на јавните претпријатија или на претпријатијата на кои им се доделени посебни или ексклузивни права, Страните ќе осигурат дека ниту е донесена, ниту пак се следи некоја мерка со која се нарушува трговијата меѓу Страните спротивно на нивните интереси. Оваа одредба нема да го попречи законското или фактичкото спроведување на конкретните задачи доделени на таквите претпријатија."

(д) Член 71(2) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(ѓ) Во членот 71 (3) зборовите „во периодот споменат погоре" се заменуваат со зборовите „не подоцна од пет години од стапување на сила на оваа Спогодба"

(е) Во член 72(2),вториот став се заменува со:

„Обединетото Кралство повремено ќе ја разгледува можноста за примена на горенаведените одредби на договорите во секторот на јавните претпријатија."

Во членот 72 (3) зборовите „44 до 67" се заменуваат со „44 до 59 и 61 до 67"

(ж) Член 73(1) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(з) Во член 73(2) зборовите „За таа цел" и првата и втората алинеја не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

8. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА VII
ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

(а) Член 76(2) се заменува со:

„Страните ќе утврдат договори реадмисија, вклучувајќи ја реадмисијата на државјани на други земји и лица без државјанство".

(б) Член 76(3) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(в) Во член 77(2), зборовите „Заедницата и" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(г) Во член 79, зборовите „во согласност со Стратегијата на Европската Унија за дрогите", не се инкорпорираатво оваа Спогодба.

9. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА VIII
ПОЛИТИКА НА СОРАБОТКА

(а)Во член 81(3), зборовите „и за постапно приспособување на нејзината политика со политиката на Европскиот монетарен систем. Соработката во оваа област ќе вклучи неформална размена на информации кои се однесуваат на Европскиот систем на централни банки" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(б) Во член 82(1), зборовите „и одредбите на Европското законодавство за статистика и да се развива во правец на заедничкото европско законодавство (*acquis communautaire*) во областа на статистиката "не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(в) Во член 82(2), четвртата алинеја не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(г) Во член 82(3), зборовите „учеството во избраните работни групи на ЕУРОСТАТ" не се инкорпорираатво оваа Спогодба.

(д) Во член 83(1), првата алинеја не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(ѓ) Во член 83(2), зборовите „во согласност со хармонизираните методи и процедури на Заедницата" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(е) Во член 88(1), зборовите „и да се постигне приближување на царинскиот систем на Република Македонија кон системот на Заедницата" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(ж) Во член 90(4), зборовите „земајќи го како појдовна точка нивото на заштита што постои во Заедницата" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(з) Вториот и третиот став од член 91 не се инкорпорираатво оваа Спогодба.

(ѕ) Во вториот став на член 94, зборовите „а онаму каде што е оправдано ќе ја усогласуваат" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(и) Во член 95, зборовите „со цел Република Македонија, најдоцна една година по стапувањето во сила на оваа Спогодба да се усогласи со заедничките придобивки (законодавството на ЕУ)" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(ј) Во член 96, вториот и третиот став не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(к) Во член 97:

i. првата реченица не се инкорпорира во оваа Спогодба; и

ii. во вториот став, првата алинеја се заменува со: „се воспоставува соодветно законодавство за заштита на потрошувачите".

(л) Во член 98(1):

i. зборовите „Спогодбата меѓу Европската заедница и поранешната Југословенска Република Македонија во областа на сообраќајот" се заменува со: „Спогодба за Меѓународен патен транспорт меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Северна Македонија која влезе во сила на 29 јули 2005 година"; и

ii. третата и четвртата алинеја не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(љ) Во член 98(2), следново не се инкорпорира во оваа Спогодба:

i. петтата алинеја;

ii. зборовите „во согласност со стандардите на Заедницата" во шестата алинеја;и

iii. последната (осма) алинеја.

(м) Во член 100, зборовите „постепеното усогласување на ветеринарното и фитосанитарното законодавство со стандардите на Заедницата" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(н) Во член 103(2), десеттата алинеја, која гласи „континуирано приближување на законите и регулативите кон стандардите на Заедницата", не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(њ) Во член 103(2), зборовите „во рамките на" во дванаесеттата алинеја се заменуваат со: „како и соработката со Европската агенција за животната средина".

(о) Во член 103(4), зборовите, „или ЕВРОАТОМ", не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

10. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА IX
ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА

(а) Во член 104,

i. зборовите „членовите 3, 108 и 109" се заменуваат со „член 3".

ii. Зборовите „од Заедницата во форма на неповратни средства и заеми, вклучувајќи и заеми од Европската инвестициона банка" се заменуваат со: „од Обединетото Кралство, што е предмет на договор на двете страни. Обединетото Кралство може да соработува и со иницијативите дефинирани во член 104-107 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија, што е предмет на договор на сите страни".

(б) Членовите 105 до107 не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

11. ИЗМЕНИ НА ГЛАВА X
ИНСТИТУЦИОНАЛНИ, ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(а) Во член 109(1), во секоја инстанца, по „членовите" се вметнуваат зборовите „или претставниците".

(б) Член 109(5) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(в) Во првиот став од член 110, последната реченица не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(г) Во член 113, последната реченица не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(д) Во член 114, зборовите „со ова" се заменува со: „може да се", и по „воспоставува/воспостави" се инкорпорираат зборовите „од Страните".

(ѓ) Член 121 се менува со следното:

„Протоколите и Дополнителниот Протокол претставуваат составен дел на овој договор".

(е) Член 123 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(ж) Во член 124, зборовите „Договорите за основање на Европската заедница, Европската заедница за јаглен и челик и Европската заедница за атомска енергија" се заменуваат со „Договорот за Европската Унија и Договорот за функционирање на Европската Унија".

(з) Член 125 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

12. I. ИЗМЕНИ НА АНЕКС IV (б)

(а) Анекс IV (б) се заменува со:

УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО
(Нулта тарифа во тарифни квоти)
(Се однесува на член 27 став (3) (б))[3]

CN код	Опис	Годишни тарифни квоти (тони)	Применлива царина за надминување на количини (% одMFN)
0401 0401 10 0401 10 10	Млеко и павлака, кои не се концентрирани, ниту содржат додаден шеќер или други засладувачи: - Со содржина на маснотии, по тежина, не поголема од 1%: - - Во непосредни пакувања со нето-содржина што не надминува два литри	109	100
0401 0401 20	Млеко и павлака, кои не се концентрирани, ниту содржат додаден шеќер или други засладувачи: - Со содржина на маснотии, по тежина, надминува 1%, но не надминува 6%	327	100

[3]Страните забележуваат дека обемот на тарифната квота, вклучително и секое зголемување или намалување на истиот, во оваа Спогодба е променето на 13,62% од соодветните количини на квота, вклучително и секое зголемување или намалување, во Спогодбата ЕУ-Северна Македонија во сила кога ќе престане да се применува до Обединетото Кралство заокружено до најблискиот цел број користејќи заеднички аритметички принципи. За избегнување на сомнеж, заокружување со употреба на заеднички аритметички принципи значи дека сите бројки кои имаат помалку од 50 по децимална точка се заокружуваат до најблискиот цел број и сите бројки кои имаат повеќе од 50 (вклучени) по децимална точка ќе се заокружат до најблискиот цел број.

0403 0403 10 0403 10 11 0403 10 13 0403 90 0403 90 51 0403 90 53 0403 90 59	Матеница, кисело млеко и павлака, јогурт, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, без оглед дали е концентрирано или содржи додаден шеќер или друга заладувачка материја или зачинет или содржи додадено овошје, ореви или какао: - јогурт: - - Незачинет, нити содржи додадено овошје, ореви или какао: - - - Не содржи додаден шеќер или друга заладувачка материја, со содржина на маснотии, по тежина: - - - - не надминува 3% - - - - надминува 3%, но не надминува 6% - Друго: - - Незачинет, нити содржи додадено овошје, ореви или какао: - - - Друго: - - - - Не содржи додаден шеќер или друга заладувачка материја, со содржина на маснотии, по тежина: - - - - - не надминува 3% - - - - - надминува 3%, но не надминува 6% - - - - - надминува 6%	177	100
0406 0406 10	Сирење и урда: - Свежо (неподирано или нечистено) сирење, вклучувајќи сирење од сурутка и урда	5	100
0406 0406 20 0406 30	Сирење и урда: - рендано или во прав сирење, од сите видови - Преработено сирење, нерендано или во прав	42	70
0406 0406 90	Сирење и урда: - Друго сирење	89	100
0701 0701 90 0701 90 90	Компири, свежи или разладени: - Друго: - - Друго: - - - Друго	61	100
0703 0703 10 0703 10 19	Кромид, шалот, лук, праз и друг алијантен зеленчук, свеж или разладен: - Кромид и шалот: - - Кромид: - - - Друго	41	100

1512	Сончогледово семе, зелка или памучно семе и нивни фракции, рафинирани или не, но не и хемиски модифицирани:	14	100
	- Сончогледово семе или зелка од масло и нивни фракции:		
1512 19	- - Друго:		
1512 19 90	- - - Друго		
1601 00	Колбаси и слични производи од месо, изнутрициод месо или крв, препарати за храна врз основа на овие производи	463	70
1602	Друго подготвено или конзервирано месо, изнутрициод месо и крв	279	70
2001	Зеленчук, овошје, ореви и други делови од растенијата се јадат, подготвени или зачувани со оцет или оцетна киселина:	5	100
2001 10 00	- Краставици и коренчиња		
2003	Печурки и тартуфи, подготвени или зачувани на друг начин, освен со оцет или оцетна киселина:	7	100
2003 10	- Печурки од родот *Agaricus*:		
2003 10 20	- - Привремено зачувани, целосно готвени		
2003 10 30	- - Друго		
2003 90	- Друго:		
2003 90 10	- - тартуфи		
2005	Друг зеленчук подготвен или конзервиран на друг начин, освен со оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производи од табела 2006 година:	20	100
2005 20			
2005 20 20	- Компири:		
	- - Друго:		
2005 20 80	- - - Тенки парчиња, пржени или печени, без разлика дали се солени или зачинети, во херметички пакувања, погодни за непосредна потрошувачка		
	- - - Друго		
2005	Друг зеленчук подготвен или конзервиран на друг начин, освен со оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производи од табела 2006 година:	8	100
2005 40 00			
	- Грашок (Pisum sativum)		
2009	Сокови од овошје (вклучително и грозје од грозје) и сокови од зеленчук, бесценети и кои не содржат додаден дух	41	100

13 . ИЗМЕНИ НА АНЕКС IV (в)

(а) Анекс IV (в) се заменува со:

УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ШТО ПОТЕКНУВААТ ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО (КОНЦЕСИИ СО ТАРИФНИ КВОТИ)

(Се однесува на член 27 став (3) (в))

CN код	Опис	Годишна тарифна квота (тони)	Применлива царина (% од MFN)
0203	Месо од свинско месо, свежо, разладено или замрзнато	272	70
0203	Месо од свинско месо, свежо, разладено или замрзнато	27	50
0406	Сирење и урда	82	70
0701 0701 90	Компири, свежи или разладени: - Друго	14	50

14 . ИЗМЕНИ НА АНЕКС V (в)

(а) Анексот V (в) се заменува со:

УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА РИБИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

(Нулта тарифа во рамките на тарифните квоти)

(Се однесува на член 28 став (2))

CNкод1	Опис	Годишна квота без царина
0301 93 00	Жив крап	10

1 Како што е дефинирано во законот за царинска тарифа - Службен весник бр. 23/00, 69/04, 10/08, 35/10 и 51/12 на Република Северна Македонија. Одлука за усогласување и времето на царинската тарифа - Службен весник бр. 169/13 на Република Северна Македонија

15. ИЗМЕНИ НА АНЕКС VII

ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА, ИНДУСТРИСКА И ТРГОВСКА СОПСТВЕНОСТ (СЕ ОДНЕСУВА НА ЧЛЕН 71)

(а) Став 3 не се инкорпорира во оваа Спогодба.

16. ИЗМЕНИ ВО ПРОТОКОЛ 1

ОБЛЕКА И ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ

(а) во членот 2(2) после зборовите „ќе бидат укинати на денот на стапување на сила на“ се додава зборот „овој“, а зборовите „освен за производите наведени во Анекс 1 од овој Протокол, за кои царинските стапки ќе бидат прогресивно намалувани како што е наведено таму “ нема да бидат вклучени во Инкорпорираната спогодба.

(б)Членот 3 не е инкорпориран во оваа Спогодба.

(в)Анекс I не е инкорпориран во оваа Спогодба.

17. ИЗМЕНИ ВО ПРОТОКОЛ 2

ПРОИЗВОДИ ОД ЧЕЛИК

(а) Во членот 3:

i. зборовите „прогресивно укинувани во согласност со следната динамика:“ се заменуваат со „укинати на депот на стапување на сила на Спогодбата“; и

ii. точките 1 и 2 во членот 3 не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(б)Член 5(2) не се инкорпорира во оваа Спогодба.

(в)Во член 5(4), зборовите „2 и" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(г)Во член 5(5), зборовите „до (4)"се заменуваат со“, (3) и (4)".

18. ИЗМЕНИ НА ПРОТОКОЛ 3

(а) Анекс III се заменува со:

ЦАРИНИ ПРИМЕНЛИВИ НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ПРИ УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Нулта тарифа во тарифни квоти)

CN код	Опис	Годишни тарифни квоти (тони)	Применлива царина (% од MFN)
	Матеница, кисело млеко и павлака, јогурт, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, без оглед дали е концентрирано или содржи додаден шеќер или друга засладувачка материја или зачинет или содржи додадено овошје, ореви или какао:		0
	- јогурт:		
	-- Ароматизиран или содржи додадено овошје, ореви или какао:		
	--- Во прав, гранули или други цврсти форми, со содржина на млечни масти, по тежина:	50	
0403	---- Не надминува 1,5%		
	---- надминува 1,5%, но не надминува 27%		
	--- Друго, со содржина на млечни масти, по тежина:		
0403 10	---- не надминува 3%		
	---- надминува 3%, но не надминува 6%		
	---- надминува 6%		
	- Друго:		
0403 10 51	-- Ароматизиран или содржи додадено		
0403 10 53	овошје, ореви или какао:		
	--- Друго, со содржина на млечна храна, по тежина:		
0403 10 91	---- не надминува 3%		
0403 10 93	---- надминува 3%, но не надминува 6%		
0403 10 99	- Друго:		
0403 90	-- Ароматизиран или содржи додадено овошје, ореви или какао:		
	--- Друго, со содржина на млечни масти, по тежина:		
0403 90 91	---- не надминува 3%		
0403 90 93	---- надминува 3%, но не надминува 6%		

1517 1517 10	Маргарин; мешавини за јадење или препарати од животински или растителни масти или масла или од фракции на различни масти или масла од ова поглавје, освен јадливи масти или масла или нивни фракции од гранка 1516: - Маргарин, исклучувајќи го течниот маргарин	61	0
1704 1704 90	Кондиторски производи со шеќер (вклучувајќи бело чоколадо), кои не содржат какао: - Друго	52	0
1806 1806 20 1806 31 00 1806 32 1806 90	Чоколадо и други препарати за храна кои содржат какао: - Други препарати во блокови, плочи или шипки со тежина над 2 кг или во течна, паста, прав, грануларна или друга рефус форма во контејнери или непосредни пакувања, со содржина поголема од 2 кг - Други, во блокови, плочи или шипки: - - Полнети - - Неполнети - Друго	157	0
1902	Тестенини, без разлика дали се готват или полнети (со месо или други супстанции) или подготвени на друг начин, како што се шпагети, макарони, тестенини, лазањи, гноки, равиоли, канелони; кус-кус, без разлика дали е подготвен или не	29	0
1905	Леб, тесто, колачи, бисквити и други пекарски производи, без оглед дали содржат какао; нафора за причестувања, празни, кешки од вид погоден за фармацевтска употреба, запечатувачке нафора, оризова хартија и слични производи	195	0
2102 2102 10	Квасец (активни или неактивни); други едноклеточни микроорганизми, мртви (но не вклучувајќи и вакцини од поглавје 3002); подготвени прашоци за печење: - Активни квасци	116	0
2102 2102 30 00	Квасец (активен или неактивен); други едноклеточни микроорганизми, мртви (но не вклучувајќи и вакцини од поглавје 3002); подготвени прашоци за печење: - Подготвени прашоци за печење	5	0

2103	Сосови и подготовки за нив; мешани мирудни и мешани зачини; брашно од сенф и јадење и подготвена сенф:	14	0
2104 2104 10 00	Супи и супи и препарати за нив; хомогенизирани препарати за композитна храна: - Супи и супи и подготовки за	61	0
2201	Вода, вклучувајќи природни или вештачки минерални води и газирани води, кои не содржат додаден шеќер или други засладувачи, ниту пак се со вкус; мраз и снег	143	0
2202	Вода, вклучувајќи минерални води и газираниводи, кои содржат додаден шеќер или други засладувачи или сосо вкус, и други безалкохолни пијалаци, не вклучувајќи сокови од овошје или зеленчук од глава 2009	227	0
2402 2402 20	Пури, черути, цигарили и цигари, тутун или замени за тутун: - Цигари што содржат тутун	14	0

ЦАРИНИ ПРИМЕНЛИВИ НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ПРИ УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (БЕЗ ТАРИФНИ КВОТИ)

CN код	Опис	Годишни тарифни квоти (тони)	Применлива царина (% од MFN)
2201	Вода, вклучувајќи природни или вештачки минерални води и газирани води, кои не содржат додаден шеќер или други засладувачи, ниту пак се со вкус; мраз и снег	20	12
2402 2402 20	Пури, черути, цигарили и цигари, тутун или замени за тутун: - Цигари што содржат тутун	37	27

19. ИЗМЕНИ ВО ПРОТОКОЛ 5

ЗАЕДНИЧКА АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА ВО ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

(а) Во член 10(2), зборовите „вклучувајќи, доколку е соодветно, законските одредби кои се во сила во земјите членки на Заедницата" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(б) Во член 13(1), зборовите „компетентните служби на Комисијата на Европските заедници и" не се инкорпорираат во оваа Спогодба.

(в) Во член 14(1), следново нема да биде инкорпорирано во оваа Спогодба:

i. зборовите „Земајќи ги предвид постоечките одговорности на Заедницата и земјите членки"

ii. третиот став од членот.

(г) Член 14(2) се заменува со:

„Независно од одредбите во став 1, одредбите од овој Протокол ќе имаат предност пред одредбите на сите билатерални Спогодби за заемна поддршка кои може да бидат склучени меѓу Обединетото Кралство и Северна Македонија пред датумот на потпишување на оваа Спогодба доколку одредбите од таа Спогодба не се компатибилни со одредбите од овој Протокол".

20. ИЗМЕНИ НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ПРОТОКОЛ

(а) Ставовите 1 и 3 од Анекс I се заменуваат со:

1. Увозот во Обединетото Кралство на следниве производи со потекло од Република Северна Македонија подлежи на отстапки наведени подолу:

CN код	Опис	Применлива должност	Количини на годината 2019 (hl)	Годишни прилагодувања заклучно со 2020 година (hl)	Посебни одредби
ex 2204 10 ex 2204 21	Квалитетно пенливо вино Вино од свежо грозје Вино од свежо грозје	Исклучок	16.480	+817	(1)
ex 2204 29	Вино од свежо грозје	Исклучок	48.896	- 817	(1)

(1) Консултации по барање на една од договорните страни може да се одржат за прилагодување на квотите со пренесување на количини над 817 hl од квотата што се однесува на позицијата екс 2204 29 на квотата што се однесува на позициите екс 2204 10 и екс 2204 21.

2. Увозот во Република Северна Македонија на следниве производи со потекло од Велика Британија подлежи на отстапки наведени подолу:

CN код	Опис	Применлива должност	Количини на годината 2019 година (hl)	Годишни прилагодувања заклучно со 2020 година (hl)	Посебни одредби
ex 2204 10 ex 2204 21	Квалитетно пенливо вино Вино од свежо грозје	Исклучок	2,125	+41	

21. ЗАЕДНИЧКИ ИЗЈАВИ

Следниве Заеднички изјави, или делови од нив, се оние кои се наведени во член 3(2) од овој инструмент:

(а) Заедничка изјава во врска со член 71; и

(б) Заедничка изјава во врска со член 118.

АНЕКС II

(а) Протокол 4 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија се заменува со:

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Дефиниции

За целите на овој Протокол:

(а) „производство" значи кој било вид обработка или преработка, вклучувајќи составување или специфични операции;

(б) „материјал" значи која било состојка, суровина, компонента или дел, итн., користена во производството на производот;

(в) „производ" значи производ што се произведува, дури и ако е наменет за подоцнежна употреба во друга производствена операција;

(г) „стока" значи и материјали и производи;

(д) „царинска вредност" значи вредност определена во согласност со Договорот за примена на членот VII од Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ) од 1994 година;

(ѓ) „цена франко фабрика" значи цена платена за производ на производувач од Обединетото Кралство или Северна Македонија кој ја извршува последната обработка или преработка, под услов во цената да е вклучена вредноста на сите користени материјали, без одбивање на внатрешните давачки што се, или можат да бидат вратени кога добиениот производ е извезен;

(е) „вредност на материјали" значи царинска вредност во времето на увозот на употребените материјали без потекло, или ако истата не е позната или не може да се утврди, првата цена која може со сигурност да се утврди платена за материјали во Обединетото Кралство или во Северна Македонија;

(ж) „на материјали со потекло" ја означува вредноста на материјалите која е определена во точката (g) и применета како *mutatis mutandis*;

(з) „додадена вредност" значи цената франко фабрика намалена за царинската вредност на секој од вградените производи кои не потекнуваат од другата Страна согласно член 3 и 4 каде важи кумулацијата, или кога царинската вредност е непозната или не може да се утврди односно првата потврдена платена цена за производите во Обединетото Кралство или во Северна Македонија;

(s) „глави" и „тарифни броеви" ги означуваат главите и тарифните броеви (четирицифрени шифри), употребени во номенклатурата која претставува Хармонизиран систем на опис и шифрени ознаки на стоката, во понатамошниот текст означен како „Хармонизиран систем" или „ХС";

(и) „распореден" се однесува на распоредувањето на производот или материјалот во соодветен тарифен број;

(ј) „пратка" подразбира производи што се пратени истовремено од еден извозник до еден примател или производи опфатени со еден транспортен документ кој ја покрива нивната испорака од извозникот до примателот или, ако нема таков документ, производи опфатени со една фактура;

(к) „територии" значи територии на државите вклучувајќи ги територијалните води;

(л) „Вградени Анекси I до IV б" се однесува на Анексите I до IV б од Прилог I на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила на потекло, земајќи предвид дека таквите Анекси се вградени во член 40 од овој Протокол.

ГЛАВА II

ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМОТ „ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО"

Член 2

Општи услови

1. За остварување на целите на овој Договор, следниве производи ќе се сметаат дека потекнуваат од Обединетото Кралство:

(а) производи целосно добиени во Обединетото Кралство во смисла на член 5;

(б) производи добиени во Обединетото Кралство во кои се вградени материјали кои не се целосно добиени таму, но под услов таквите материјали да бидат предмет на доволна обработка или преработка во Обединетото Кралство во смисла на член 6.

2. За остварување на целите на овој Договор, следниве производи ќе се сметаат дека потекнуваат од Северна Македонија:

(а) производи целосно добиени во Северна Македонија во смисла на член 5;

(б) производи добиени во Северна Македонија во кои се вклучени материјали кои не се целосно добиени таму, но под услов таквите материјали да бидат предмет на доволна обработка или преработка во Обединетото Кралство во смисла на член 6.

Член 3

Кумулација во Обединетото Кралство

1. Без да се доведат во прашање одредбите од член 2(1), производите се сметаат дека потекнуваат од Обединетото Кралство, ако тие производи се добиени таму, вклучувајќи материјали со потекло од Швајцарија (вклучувајќи го и Лихтенштајн)[4], Исланд, Норвешка, Турција или од Европската Унија, доколку со обработката или преработката извршена во Обединетото Кралство се надминати операциите наведени во член 7. Таквите материјали не мораат да бидат доволно обработени или преработени.

2. Без да се доведат во прашање одредбите од член 2(1), производите се сметаат дека потекнуваат од Обединетото Кралство доколку тие производи се добиени таму, вклучувајќи материјали со потекло од Северна Македонија или од која било друга земја наведена во Анекс А од овој Протокол, доколку со обработката или преработката извршена во Обединетото Кралство се надминати операциите наведени во член 7. Таквите материјали не мора да бидат доволно обработени или преработени.

3. Без да се доведат во прашање одредбите од Член 2(1), обработката или преработката на производите извршена во Исланд, Норвешка, или Европската Унија, се смета дека била извршена во Обединетото Кралство доколку со дополнителната обработка или преработка во Обединетото Кралство се надминати операциите наведени во член 7.

4. Кумулациите предвидени во став 1 и 2, каде обработката или преработката на производите извршена во Обединетото Кралство не ги надминува операциите наведени во член 7, добиениот производ се смета дека потекнува од Обединетото Кралство единствено доколку вредноста на употребените материјали со потекло од таму е поголема од вредноста на употребените материјали со потекло од која било од другите земји. Доколку тоа не е случај, добиениот производ се смета дека потекнува од земјата чии материјали со потекло употребени во производството во Обединетото Кралство имаат најголема вредност.

5. Кумулациите предвидени во став 3, каде обработката или преработката на производите извршена во Обединетото Кралство не ги надминува операциите наведени во член 7, добиениот производ се смета дека потекнува од Обединетото Кралство единствено доколку вредноста на употребените материјали со потекло од таму е поголема од вредноста на употребените материјали со потекло од која било од другите земји.

6. Производите со потекло од една од земјите наведени во став 1 и 2, кои не подлежат на каква било обработка или преработка во Обединетото Кралство, го задржуваат своето потекло ако се извезуваат во една од тие земји.

[4]Како резултат на Царинската спогодба меѓу Лихтенштајн и Швајцарија, производите кои потекнуваат од Лихтенштајн се сметаат за производи кои потекнуваат од Швајцарија.

7. (а) Кумулацијата предвидена во овој член која во поглед на Европската Унија може да се примени само доколку:

i. Обединетото Кралство, Северна Македонија и Европската Унија имаат договори за административна соработка со кои се гарантира точната имплементација на овој член;

ii. материјалите и производите се стекнале со статус на потекло со примена на правилата за потекло идентични со оние дадени во овој Протокол; и

iii. известувањата што го означуваат исполнувањето на неопходните услови за примена на кумулација се објавени од Страните.

(б) Со исклучок на предвиденото во став 7(а), кумулацијата предвидена во овој член може да се примени доколку:

i. се применува спогодба за преференцијална трговија во согласност со член XXIV од Општата спогодба за царини и трговија од 1994 година (ГАТТ 1994) меѓу земјите или територите вклучени во стекнувањето на статусот со потекло и земјата на дестинација;

ii. материјалите и производите се стекнале со статус на потекло со примена на правилата за потекло идентични со оние дадени во овој Протокол; и

iii. известувањата што го означуваат исполнувањето на неопходните услови за примена на кумулација се објавени од Страните.

8. Обединетото Кралство ќе ѝ ги достави на Северна Македонија поединостите за спогодбите или договорите вклучувајќи ги датумите и влегувањето во сила, како и правилата за потекло, кои се применуваат со другите земји наведени во став 1 и 2.

Член 4

Кумулација во Северна Македонија

1. Без да се доведат во прашање одредбите од член 2(2), производите се сметаат дека потекнуваат од Северна Македонија, ако тие производи се добиени таму, вклучувајќи материјали со потекло од Швајцарија (вклучувајќи го и Лихтенштајн), Исланд, Норвешка, Турција или од Европската Унија, доколку со обработката или преработката извршена во Обединетото Кралство се надминати операциите наведени во член 7. Таквите материјали не мораат да бидат доволно обработени или преработени.

2. Без да се доведат во прашање одредбите од член 2(2), производите се сметаат дека потекнуваат од Северна Македонија доколку тие производи се добиени таму, вклучувајќи материјали со потекло од Северна Македонија или од која било земја наведена во Анекс А од овој Протокол, доколку со обработката или преработката извршена во Обединетото Кралство се надминати операциите наведени во член 7. Таквите материјали не мора да бидат доволно обработени или преработени.

3. Доколку обработката или преработката извршена во Северна Македонија не ги надминува операциите наведени во член 7, добиениот производ се смета дека потекнува од Северна Македонија единствено доколку вредноста на употребените материјали со потекло од таму е поголема од вредноста на употребените материјали со потекло од која

било од другите земји наведени во став 1 и 2. Доколку тоа не е случај, добиениот производ се смета дека потекнува од земјата чии материјали со потекло употребени во производството во Северна Македонија имаат најголема вредност.

4. Производите со потекло од една од земјите наведени во став 1 и 2, кои не подлежат на каква било обработка или преработка во Северна Македонија, го задржуваат своето потекло ако се извезуваат во една од тие земји.

5. (а) Кумулацијата предвидена во овој член која во поглед на Европската Унија може да се примени само доколку:

i. Обединетото Кралство, Северна Македонија и Европската Унија имаат договори за административна соработка со кои се гарантира точната имплементација на овој член;

ii. материјалите и производите се стекнале со статус на потекло со примена на правилата за потекло идентични со оние дадени во овој Протокол; и

iii. известувањата што го означуваат исполнувањето на неопходните услови за примена на кумулација се објавени од Страните.

(б) Со исклучок на предвиденото во став 5(а), кумулацијата предвидена во овој член може да се примени доколку:

i. се применува спогодба за преференцијална трговија во согласност со член XXIV од Општата спогодба за царини и трговија од 1994 година (ГАТТ 1994) меѓу земјите или територите вклучени во стекнувањето на статусот со потекло и земјата на дестинација;

ii. материјалите и производите се стекнале со статус на потекло со примена на правилата за потекло идентични со оние дадени во овој Протокол; и

iii. известувањата што го означуваат исполнувањето на неопходните услови за примена на кумулација се објавени од Страните.

6. Северна Македонија ќе му ги достави на Обединетото Кралство поединостите за спогодбите или договорите вклучувајќи ги датумите и влегувањето во сила, како и правилата за потекло, кои се применуваат со другите земји наведени во став 1 и 2.

Член 5

Целосно добиени производи

1. Следниве производи ќе се сметаат за целосно добиени во Обединетото Кралство или Северна Македонија:

(а) минерални производи извлечени од нивната почва или од нивното морско дно;

(б) растителни производи набрани или прожнсани таму;

(в) живи животни накотени и одгледувани таму;

(г) производи од живи животни одгледувани таму;

(д) производи добиени од тамошен лов или риболов;

(ѓ) производи од морски риболов и други производи извадени од морето, надвор од територијалните води на Договорната страна, со нивни пловила;

(е) производи изработени на бродовите-фабрики исклучиво од производи споменати во ставот (е);

(ж) таму собрани користени предмети, погодни само за рециклирање на суровини, вклучувајќи користени гуми што можат да се употребат само за протектирање или како отпаден материјал;

(з) отпаден материјал и остатоци од производните операции извршени во таа држава;

(ѕ) производи извлечени од морското дно или од подземјето надвор од нивните територијални води, под услов тие да имаат ексклузивно право да го обработуваат тоа дно или подземје;

(и) стоки таму произведени исклучиво од производите специфицирани во ставовите од (а) до (к).

2. Терминиите „нивните пловила" и „нивните бродови-фабрики" споменати во точките 1(ѓ) и (е) се применуваат само за пловилата и бродовите-фабрики:

(а) кои се регистрирани или пријавени во Обединетото Кралство или Северна Македонија;

(б) кои пловат под знамето на Обединетото Кралство или Северна Македонија;

(в) кај кои барем 50 проценти се во сопственост на државјани на Обединетото Кралство, земја членка на Европската Унија или Северна Македонија, или од компанија со седиште во една од овие држави во која директорот или директорите, претседателот на Управниот одбор или на Надзорниот одбор како и мнозинството членови на тие одбори се државјани на Обединетото Кралство, земја членка на Европската Унија, и во кои во случај на друштва со неограничена одговорност, друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва најмалку половината од капиталот им припаѓа на државата или на јавни тела или на државјани на таа држава;

(г) каде капетанот и офицерите се државјани на Обединетото Кралство, земја членка на Европската Унија или Северна Македонија; и

(д) кај кои најмалку 75 проценти од посадата се државјани на Обединетото Кралство, земја членка на Европската Унија или Северна Македонија.

Член 6

Доволно обработени или преработени производи

1. За целите на Член 2, производите што не се целосно добиени се сметаат за доволно обработени или преработени кога се исполнети условите наведени на списокот во Анекс II.

За сите производи опфатени со овој Договор гореспомнатите услови укажуваат на степенот на обработка или преработка што мора да е извршена врз материјалите без потекло користени во производството и кои се однесуваат само на таквите материјали. Во согласност со тоа, произлегува дека, доколку производот што се здобил со статус на производ со потекло преку исполнување на условите наведени во списокот, се користи за производство на друг производ, условите не се однесуваат на производот во кон тој е внесен и нема да се земат во предвид материјалите без потекло кои можеле да бидат користени за неговото производство.

2. Без да се доведе во прашање ставот 1, материјалите без потекло кои според условите наведени во списокот во Инкорпорираниот Анекс II не треба да се користат во производството на определениот производ, сепак можат да бидат користени под услов:

(а) нивната вкупна вредност да не надминува 10 проценти од цената на производот франко фабрика;

(б) при примена на овој став, да не се надминува кој било од процентите дадени во списокот како максимална вредност на материјали без потекло.

Овој став нема да се применува на производите опфатени со Главите 50 до 63 од Хармонизираниот систем.

3. Ставовите 1 и 2 се применуваат, согласно одредбите од член 7.

Член 7

Недоволен степен на обработка или преработка

1. Без да се доведе во прашање ставот 2, без оглед на тоа дали се исполнети условите од член 6, следниве операции ќе се сметаат како недоволна обработка или преработка за да се добие статус на производ со потекло:

(а) операции за обезбедување заштита во текот на транспортот и складиштењето на производите;

(б) промена на амбалажа како и пренакување и повторно составување на пакетите;

(в) перење, чистење; отстранување на прв, оксид, масло, боја или површински премази;

(г) пеглање или пресување на текстил;

(д) едноставни операции за боење и полирање;

(ѓ) лупење, делумно или целосно бланширање, полирање и глазирање од житарки и ориз;

(е) операции на боење на шеќер или формирање на коцки шеќер;

(ж) лупење, отстранување на семка и лушпа на овошје, јаткасто овошје и зеленчук;

(з) острење, едноставно мелење или едноставно сечење;

(ѕ) просејување, издвојување, сортирање, класифицирање, степенување, спарување, (вклучувајќи и составување во сет);

(и) едноставно полнење во шишиња, лименки, мали шишиња, ставање во кеси, сандаци, кутии, прицврстување на картони или даски и сите останати едноставни операции за пакување;

(ј) втиснување или печатење на знаци, етикети, логоа и други слични знаци за распознавање на производите или нивните пакувања;

(к) едноставно мешање на производи, независно дали се од ист вид или не;

(л) мешање на шеќер со кој било друг материјал;

(љ) едноставно составување на делови за да се добие комплетен производ или расклопувањето на производите во делови;

(м) комбинација на две или повеќе операции наведени од (а) до (о);

(н) колење на животни.

2. Сите операции извршени во Обединетото Кралство или Северна Македонија на одреден производ ќе бидат разгледани заеднички при одредување дали обработката или преработката на тој производ ќе се смета за недоволна во смисла на ставот 1.

Член 8

Единица за припадност

1. Единица за припадност за примената на одредбите на овој Протокол ќе биде одреден производ што се смета за основна единица за распоредување со користење на номенклатурата на Хармонизираниот систем.

Во согласност со тоа произлегува дека:

(а) кога производот што се состои од група или составени делови, се распоредува според правилата на Хармонизираниот систем во еден тарифен број, целината ќе претставува единица за припадност;

(б) кога пратката се состои од определен број на идентични производи распоредени во ист тарифен број на Хармонизираниот систем, секој производ мора посебно да биде разгледуван при примената на одредбите од овој Протокол.

2. Во случај кога, според основното правило 5 на Хармонизираниот систем, амбалажата се распоредува заедно со производот, таа ќе биде вклучена при одредување на потеклото.

Член 9

Прибор, резервни делови и алати

Приборите, резервните делови и алатите испратени заедно со дел од опрема, машина, апарат или возило, што се дел од вообичаената опрема и вклучени во цената или кои не се посебно фактурирани, ќе се сметаат како составен дел од таа опрема, машина, апарат или возило.

Член 10

Сетови

Сетовите дефинирани со основното правило 3 на Хармонизираниот систем, ќе се сметаат за производи со потекло, кога сите составни производи се со потекло. Меѓутоа, кога сетот - се состои од производи со и без потекло, сетот како целина се смета со потекло, под услов вредноста на производите без потекло да не надминува 15 проценти од цената франко фабрика на целиот сет.

Член 11

Неутрални елементи

Со цел да се одреди дали производот е со потекло не е неопходно да се одреди потеклото на следниве елементи што можат да се користат во производството:

(а) енергија и гориво;

(б) постројки и опрема;

(в) машини и алати;

(г) стоки што не влегуваат и кои не се наменети да влезат во финалниот состав на производот.

ГЛАВА III

ТЕРИТОРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Член 12

Принцип на територијалност

1. Освен за одредбите наведени во член 3, 4 и став 3 од овој член, условите наведени во Глава II од овој Протокол, што се однесуваат на добивање на статусот на производ со потекло, мора да бидат исполнети без прекин во Обединетото Кралство или Северна Македонија.

2. Освен согласно одредбите наведени во член 3 и 4, доколку извезената стока со потекло од Обединетото Кралство или од Северна Македонија во некоја трета држава е вратена, таа мора да се смета за стока без потекло, доколку на царинските органи не може да им се докаже дека:

(а) вратената стока е иста со стоката што била извезена; и дека

(б) таа не била предмет на каква и да е операција, освен оние кои се неопходни за да се сочува во добра состојба додека била во таа држава или додека била извезувана.

3. На стекнувањето на статус на потекло во согласност со условите утврдени во Главата II нема да влијае работата или обработката извршена надвор од Обединетото Кралство или Северна Македонија на материјали извезени од Обединетото Кралство или Северна Македонија и потоа повторно увезени таму, под услов да:

(а) утврдените материјали се во целост добиени во Обединетото Кралство или Северна Македонија или пред извозот поминале низ производство или обработка под лимитот за недоволни операции наведени во Чл. 7; и

(б) за да се задоволат барањата на царинските служби може да се демонстрира дека:

(i) повторно увезените стоки се добиени со производство или со обработка на извезени материјали; и

(ii) вкупната додадена вредност добиена надвор од Обединетото Кралство или Северна Македонија со примена на одредбите од овој член не надминува 10% од франко фабрика цената на крајниот производ за кој се бара статус на потекло.

4. За целите на став 3, условите за добивање статус на потекло утврдени во Глава II нема да се применуваат на производство или обработка надвор од Обединетото Кралство или Северна Македонија. Но онаму каде, како што е наведено во Анекс II, улогата која ја утврдува максималната вредност за сите употребени материјали кои немаат потекло се разгледува при определувањето на статусот на потекло на финалниот производ, вкупната вредност на материјалите кои немаат потекло употребени на територијата на Страната за која станува збор, земена заедно со вкупната додадена вредност стекната надвор од територијата на Обединетото Кралство или Северна Македонија со примена на регулативите од овој член, нема да го надминува наведениот процент.

5. За целите на примената на утврденото со точка 3 и 4. „вкупна додадена вредност" значи сите трошоци кои произлегуваат надвор од територијата на Обединетото Кралство или Северна Македонија, вклучувајќи ја вредноста на материјалите употребени таму.

6. Одредбите од став 3 и 4 нема да се применуваат на производи кои не ги исполнуваат условите утврдени во Анексот II или кои можат да се сметаат за доволно обработени само ако општите вредности утврдени во член 6 (2) се применети.

7. Одредбите од став 3 и 4 нема да се однесуваат на производитеод Глава 50 до 63 од Хармонизираниот систем.

8. Секое производство или обработка што во таа смисла потпаѓа под регулативите на овој член и е извршено надвор од територијата на Обединетото Кралство или Северна

Македонија, ќе се врши според Договорите за надворешно производство, или слични договори.

Член 13

Директен транспорт

1. Преференцијалниот третман што го обезбедува оваа Спогодба се применува само на производите што ги задоволуваат условите поставени со овој Протокол и кои директно се транспортираат помеѓу Страните или меѓу територите на другите земји наведени во член 3 и 4 со кои важи кумулацијата. Меѓутоа, производите што сочинуваат една пратка можат да бидат транспортирани преку други подрачја, а доколку постои таква потреба, тие можат да бидат претоварени или привремено складирани на тие подрачја под услов да останат под надзор на царинските органи во државата на транзитот или складиштењето и да не бидат предмет на операции, освен растовар, претовар или било која друга операција наменета за нивно зачувување во добра состојба.

Производите со потекло можат да се транспортираат со цевковод преку други територии кои не се територии на државите Страни.

2. Доказ за исполнување на условите дадени во став 1 ќе им биде доставен на царинските органи на државата увозник, со поднесување на:

(а) единствен транспортен документ со кој е опфатен преминот од Страната извозник преку државата на транзитот; или

(б) уверение издадено од страна на царинските органи на државата на транзитот:

(i) во кое се дава точен опис на производите;

(ii) во кое се наведуваат датумите на растовар и претовар на производите и, кога тоа е потребно, имињата на бродовите или другите користени транспортни средства; и

(iii) во кое се потврдуваат условите под кои производите останале во државата на транзитот; или

(в) кои било доказни документи, доколку горенаведеното не се обезбеди.

Член 14

Изложби

1. Производите со потекло испратени на изложба надвор освен оние наведени во член 3 и 4 со кои важи кумулацијата, и кои се продадени по изложбата за увоз во Обединетото Кралство и Северна Македонија, ќе имаат добивка од увозот согласно одредбите и примената на овој Договор, доколку на царинските органи им се покаже дека:

(а) извозникот ги испратил овие производи од Обединетото Кралство и Северна Македонија во држава во која се одржува изложбата и таму биле изложени;

(б) извозникот ги продал или на некој друг начин ги пренел производите на лице од една држава во Обединетото Кралство и Северна Македонија;

(в) во текот на изложбата или веднаш по неа производите се испратени такви како што биле пратени на изложба; и

(г) производите откако биле испратени на изложбата, не се користени за други цели освен како експонати на изложбата.

2. Доказот за потеклото мора да биде издаден или изготвен во согласност со одредбите од Глава V и поднесен на царинските органи во Обединетото Кралство и Северна Македонија во редовна постапка. Таа мора да ги содржи името и адресата на изложбата. Кога тоа е потребно, можат да бидат побарани дополнителни доказни документи за условите под кои тие се изложени.

3. Ставот 1 се однесува на секој вид трговски, индустриски, земјоделски или занаетчиски изложби, саеми и слични јавни презентации во текот на кои производите се под царински надзор и кои не се организирани за приватни цели во продавници или деловни простории за продавање на странски производи.

ГЛАВА IV

ПОВРАТ ИЛИ ОСЛОБОДУВАЊЕ

Член 15

Забрана на поврат на царини или ослободување од царини

1. Материјали без потекло користени во производството на производи што потекнуваат од Обединетото Кралство и Северна Македонија, а за кои доказот за потеклото е издаден или направен во согласност со одредбите од Глава V од овој Протокол, нема да подлежат на поврат, или ослободување од плаќање царина од каков и да е вид во Обединетото Кралство и Северна Македонија.

2. Забраната од став 1 ќе се применува на кои било договори за рефундирање, намалување или неплаќање, делумно или целосно, на царината и царинските давачки со еквивалентно дејство, а кои се применуваат во Обединетото Кралство и Северна Македонија во поглед на материјалите користени во производството и тоа кога такво рефундирање, намалување или неплаќање се применува изречно или во пракса и кога производите произведени од споменатите материјали се извезуваат, а не кога тие остануваат за употреба во државата на производството.

3. Во секој момент и на барање на царинските органи, извозникот на производите покриени со доказот за потеклото треба да биде подготвен да ги поднесе во секое време сите потребни документи со кои се докажува дека немало поврат во поглед на користење на материјали без потекло во производството на соодветни производи и дека сите царини или царински давачки со еквивалентно дејство кои се применуваат на таквите материјали се навистина платени.

4. Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 од овој член ќе се применуваат и на амбалажата во смисла на член 8(2), придружните средства, резервните делови и алатите како што се

наведени во член 9, како и на производите во сетот наведени во член 10 и тоа кога истите се без потекло.

5. Одредбите од ставовите 1 до 4 ќе се применуваат само на материјали од таков вид на кои се однесува Договорот.

ГЛАВА V

ДОКАЗ ЗА ПОТЕКЛО

Член 16

Општи услови

1. Производите со потекло од една држава Договорна страна при увозот во друга држава Договорна страна, ќе имаат олеснувања во рамките на овој Договор доколку е поднесен еден од следниве докази за потекло:

(а) уверение за движење ЕУР.1, чиј примерок е даден во Анекс III а;

(б) уверение за движење ЕУР.1, чиј примерок е даден во Анекс III б ; или

(в) во случаите наведени во член 22(1), изјава (во понатамошниот текст „изјава за потекло или „изјава за потекло ЕУР-МЕД"), изготвена од страна на извозникот на фактура, испратница или друг трговски документ во кој доволно детално се опишани односните производи за да може да се идентификуваат. Текстот на изјавата за потекло е даден во Анекс IV а и б.

2. Независно од став 1, производите со потекло во смисла на овој Протокол, во случаи определени во член 27, ќе имаат олеснувања според овој Договор без да биде потребно да се поднесува кој било од гореспоменатите документи наведени во став 1 од овој член.

3. Независно од став 5 од член 17 и став 3 од член 22 во продолжение на текстот, кумулацијата ги вклучува само Обединетото Кралство, Европската Унија, Швајцарија (вклучувајќи го и Лихтенштајн), Исланд, Норвешка, Фарските острови, Турција, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Република Србија, или Република Косово, докажувањето на потекло може да биде и уверението за движење ЕУР.1 или изјава за потекло.

Член 17

Постапка за издавање на уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД

1. Уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД го издаваат царинските органи на Страната извозник на барање доставено во писмена форма од страна на извозникот или, со одговорност на извозникот, од страна на неговиот овластен претставник.

2. За оваа цел, извозникот или неговиот овластен претставник го пополнува уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД и формуларот на барање, чиишто примери се дадени во Анекс III а и б. Овие формулари се пополнуваат на еден од јазиците на кои е изработен овој Договор, а во согласност со одредбите од домашното законодавство на земјата извозник. Доколку формуларите се пополнети на рака, тие ќе се пополнуваат со мастило и со печатни букви. Описот на производите мора да биде даден во рубриката резервирана за таа цел, без да се остават празни редови. Кога рубриката не е целосно пополнета мора да се повлече хоризонтална линија под последниот ред од описот, со тоа што празниот простор ќе се прецрта.

3. Извозникот кој поднесува барање за издавање на уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, ќе биде подготвен во секое време, на барање на царинските органи на Обединетото Кралство или Северна Македонија каде што се издава уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, да им ги даде на увид сите потребни документи со кои се докажува дека производот потекнува од некоја држава од Договорот и дека ги исполнува другите услови пропишани со овој Протокол.

4. Без да се доведе во прашање ставот 5. уверението за движење ЕУР.1 ќе го издаваат овластени царински органи на Обединетото Кралство или Северна Македонија во следниве случаи:

(а) доколку производите се сметаат дека потекнуваат од Обединетото Кралство или Северна Македонија каде кумулацијата е применлива, без примена на кумулација со материјали со потекло од Швајцарија (вклучувајќи го Лихтенштајн), Турција, една од земјите наведени во член 3(2) и 4(2) и ги исполнуваат другите барања на овој Протокол; или

(б) доколку производите се сметаат дека потекнуваат во една од другите земји наведени во член 3 и 4 каде кумулацијата е применлива, без примена на кумулација со материјали со потекло од една од земјите наведени во член 3 и 4, и ги исполнуваат другите барања на овој Протокол, под услов да е издадено уверение ЕУР-МЕД или изјава за потекло ЕУР-МЕД во земјата на потекло.

5. Уверението за движење ЕУР-МЕД ќе биде издадено од страна на царинските органи на Обединетото Кралство или Северна Македонија во следниов случај:

(а) Кумулацијата се однесува на материјали со потекло во Швајцарија (вклучувајќи го Лихтенштајн), Турција или една од земјите наведени во член 3(2) и 4(2); или

(б) Производите може да се користат како материјали во контекст кумулацијата за производство на производи за извоз во една од земјите наведени во член 3 и 4; или

(в) Производите може да бидат повторно извезени од земјата на одредиште во една од страните наведени во член 3 и 4.

6. Уверението за движење ЕУР-МЕД во рубриката 7 треба да биде пополнето со една од следниве изјави на англиски јазик:

(а) Доколку потеклото се стекнува со примена на кумулација со материјали што потекнуваат од една или повеќе земји наведени во член 3 и 4:

'CUMULATION APPLIED WITH ... *(име на земјата /земјите)*'

(б) Доколку потеклото се стекнува без примена на кумулација со материјали што потекнуваат од една или повеќе земји наведени во член 3 и 4:

'NO CUMULATION APPLIED'

7. Царинските органи кои ќе ги издаваат уверенијата за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД ќе ги преземат сите потребни чекори за проверка на потеклото на производот и исполнувањето на другите услови од овој Протокол. За таа цел тие имаат право да бараат секаков вид на доказ и да извршат секаква контрола на сметките на извозникот или било која друга проверка кои тие ја сметаат за потребна. Овластените органи ќе се погрижат формуларите споменати во став 2 да бидат правилно пополнети. Тие особено ќе проверат дали просторот резервиран за описот на производите е пополнет на таков начин кој се исклучува можноста за невистинити дополнувања.

8. Датумот на издавањето на уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД ќе биде назначен во рубриката 11 од уверението.

9. Уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД ќе биде издадено од страна на царинските органи и ќе му биде ставено на располагање на извозникот штом извозот е обезбеден или извршен.

Член 18

Дополнително издадени уверенија за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД

1. И покрај член 17(9), уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД може да се издаде ретроактивно по извозот на производите на кои се однесува, доколку:

(а) не било издадено за време на извозот поради грешки или ненамерни пропусти или посебни околности; или

(б) им се докаже на царинските органи дека уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД било издадено, но не било прифатено при увозот поради технички причини.

2. И покрај член 17(9), уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД може да се издаде по извозот на производите на кои се однесува, а за кои било издадено уверение за движење ЕУР.1 за време на извозот, доколку на царинските органи може да им се докаже дека условите наведени во член 17(5) се задоволени.

3. За спроведување на став 1 и 2, извозникот во неговото барање мора да ги назначи местото и датумот на извоз на производите на кои се однесува уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, и да ги наведе причините за неговото барање.

4. Царинските органи може дополнително да издадат уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, дури откако ќе утврдат дека информациите доставени во барањето на извозникот се совпаѓаат со тие во соодветната документација.

5. Уверенијата за движење ЕУР.1 и ЕУР-МЕД издадени дополнително со примена на став 1 мора да бидат пополнети со следната фраза на англиски јазик:

'ISSUED RETROSPECTIVELY'

Уверенијата за движење ЕУР-МЕД издадени дополнително со примена на став 2 мора да бидат пополнети со следната фраза на англиски јазик:

'ISSUED RETROSPECTIVELY (оригинал ЕУР.1 бр. *...[датум и место на издавање]*)'

6. Означувањето споменато во став 5 се внесува во рубриката 7 на уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД.

Член 19

Издавање на дупликат уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД

1. Во случај на кражба, губење или уништување на уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, извозникот може да им се обрати на царинските органи што го издале и да побара дупликат врз основа на извозните документи што тие ги поседуваат.

2. Вака издадениот дупликат од уверението за движење мора да биде пополнет со следната фраза на англиски јазик:

'DUPLICATE'

3. Означувањето споменато во став 2 се внесува во рубриката 7 на уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД.

4. Дупликатот, кој мора да го содржи датумот на издавање на оригиналното уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, важи од тој датум.

Член 20

Издавање на уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД врз основа на претходно издаден или подготвен доказ за потекло

Во случај кога производи со статус на производи со потекло се ставени под царински надзор во Обединетото Кралство или во Република Северна Македонија, можно е оригиналниот доказ за потекло да се замени со едно или повеќе уверенија за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД со цел сите или дел од тие производи да се испратат на друго место во Обединетото Кралство или Република Северна Македонија. Замената на уверението/јата за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД ја издава царинскиот орган под чиј надзор се ставени производите.

Член 21

Сметководствено раздвојување

1. Во случај на појава на значителни финансиски или материјални тешкотии при одвоено чување на залихи на материјали со потекло и материјали без потекло кои се идентични и заменливи, царинските органи може, врз основа на писмено барање на засегнатата страна, да одобрат користење на таканаречен метод на „сметководствено раздвојување" (во понатамошниот текст „метод") при управување со овие залихи.

2. Со овој метод мора да се обезбеди дека, за одреден референтен период, бројот на добиени производи што може да се сметаат за „производи со потекло" е ист со оној што би бил добиен доколку постоело физичко одвојување на залихите.

3. Царинските органи може да доделат вакво одобрение, со поставување на сите услови наведени во став 1 што се сметаат за соодветни.

4. Овој метод е евидентиран и применуван врз основа на општите сметководствени начела кои важат во земјата каде се произведува производот.

5. Корисникот на ова одобрение може да изготви или поднесе барање за издавање на доказ за потекло, во соодветните случаи, за количеството производи што може да се сметаат како производи со потекло. На барање на царинските органи, корисникот доставува изјава за начинот на менаџирање со количините.

6. Царинските органи ја следат употребата на одобрението и може да го повлечат во секое време доколку корисникот неправилно го употребува одобрението или не ги исполнува другите услови утврдени во овој Протокол.

Член 22

Услови за изготвување на изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД

1. Изјава за потекло, или изјава за потекло ЕУР-МЕД како што е наведено во член 16(1)(в), може да биде изготвена:

(а) од страна на одобрен извозник, во рамките на значењето на член 23; или

(б) од страна на кој било извозник за која било пратка што се состои од едно или повеќе пакувања на производи со потекло чија вкупна вредност не надминува 6 000 евра.

2. Без да се доведе во прашање став 3, изјава за потекло може да се изготви во следните случаи:

(а) ако односните производи се сметаат за производи со потекло од Обединетото Кралство или Северна Македонија без примена на кумулацијата на материјали кои потекнуваат од Швајцарија (вклучувајќи го Лихтенштајн), Турција или некоја од земјите наведени во член 3(2) и 4(2) и ги исполнуваат другите барања од овој Протокол; или

(б) доколку односните производи се сметаат како производи со потекло од една од земјите наведени во членовите 3 и 4 за кои се применува кумулација, без примена на кумулација со материјалите во една од земјите наведени во членовите 3 и 4, и ги исполнуваат другите обврски од Протоколот, доколку имаат сертификат ЕУР-МЕД или изјава за потекло ЕУР-МЕД од земјата на потекло.

3. Изјава за потекло ЕУР-МЕД може да се изготви ако односните производи се сметаат за производи со потекло од Обединетото Кралство, од Северна Македонија или една од

земјите споменати во член 3 и ги исполнуваат другите услови од овој Протокол во следните случаи:

(а) се применува кумулација со материјали кои потекнуваат од Швајцарија (вклучително и Лихтенштајн), Турција или некоја од земјите споменати во членовите 3 (2) и 4 (2); или

(б) производите може да се користат како материјали во контекстот на кумулација за производство на продукти за извоз кон една од земјите наведени во членовите 3 и 4; или

(в) Производите може да бидат повторно извезени од земјата на одредиште во една од страните наведени во член 3 и 4.

4. Изјавата за потекло ЕУР-МЕД ЕУР-МЕД содржи една од следните изјави на англиски јазик:

(а) доколку потеклото е утврдено преку примена на кумулација со материјали кои потекнуваат во една или повеќе од земјите наведени во членовите 3 и 4:

'CUMULATION APPLIED WITH ... *(име на земјата/земјите)*'

(б) доколку потеклото е утврдено без примена на кумулација со материјали кои потекнуваат во една или повеќе од земјите наведени во членовите 3 и 4:

'NO CUMULATION APPLIED'

5. Извозникот кој изготвува изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД е подготвен да ги поднесе во секое време, на барање на царинските органи на земјата извозник, сите соодветни документи со кои се докажува статусот на потекло на односните производи како и исполнувањето на другите услови од овој Протокол.

6. Изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД се изготвува од страна на извозникот со пишување на машина, ставање печат или печатење на фактурата, испратницата или друг трговски документ, чијшто текст е даден во Инкорпорираните Анекси IV а и б, со користење на една од јазичните верзии дадени во анексите и во согласност со одредбите на домашното законодавство на земјата-извозничка. Ако изјавата се пишува рачно, се пишува со мастило со печатни букви.

7. Изјавата за потекло или изјавата за потекло ЕУР-МЕД го содржат оригиналниот своерачен потпис на извозникот. Меѓутоа, од одобрен извозник, во рамките на одредбите на член 23, не се бара да ги потпише вакви изјави само доколку до царинските органи на земјата-извозничка достави писмена изјава дека прифаќа целосна одговорност за секоја изјава за потекло на која е наведен тој како да е потпишан своерачно.

8. Изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД може да биде изготвена од страна на извозникот кога производите на кои се однесува се извезени или по извозот, под услов истата да биде доставена во земјата-увозничка во рок од две години по увозот на производите на кои се однесува.

Член 23

Одобрен извозник

1. Царинските органи на земјата-извозничка може да овластат друг извозник, во понатамошниот текст „одобрен извозник", кој прави чести испораки на производи под условите на оваа Спогодба, да изготвува изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД без оглед на вредноста на односните производи. Секој извозник кој бара вакво одобрение мора да им ги достави на царинските органи сите гаранции неопходни за потврдување на статусот на потекло на производите како и исполнувањето на другите услови од овој Протокол.

2. Царинските органи може да доделат статус на одобрен извозник според услови што тие ги сметаат за соодветни.

3. Царинските органи му доделуваат на одобрениот извозник број на царинско одобрение кој стои на изјавата за потекло или изјавата за потекло ЕУР-МЕД.

4. Царинските органи ја следат употребата на одобрението од страна на одобрениот извозник.

5. Царинските органи може да го повлечат одобрението во секое време. Тие го прават тоа во случај кога одобрениот извозник веќе не ги обезбедува гаранциите наведени во став 1. не ги исполнува условите наведени во став 2 или на кој било друг начин неправилно го употребува одобрението.

Член 24

Валидност на доказ за потекло

1. Доказот за потекло е валиден во период од четири месеци од датумот на издавање во земјата-извозничка и истиот мора да биде поднесен до царинските органи на земјата-увозничка во споменатиот период.

2. Доказите за потекло поднесени до царинските органи на земјата-увозничка по крајниот рок за нивно поднесување одреден во став 1 може да бидат прифатени за примена на преференцијален третман, доколку причината за неподнесување на овие документи до крајниот одреден рок е заради вонредни околности.

3. Во други случаи на задоцнето поднесување, царинските органи на земјата-увозничка може да ги прифати доказите за потекло доколку производите биле поднесени пред наведениот краен рок.

Член 25

Поднесување доказ за потекло

Докази на потекло се поднесуваат до царинските органи на земјата–увозничка во согласност со постапките што се применуваат во таа земја. Споменатите органи може да побараат превод на доказот на потекло и може да побараат од увозникот, заедно со увозната декларација, да достави изјава дека производите ги исполнуваат условите потребни за спроведување на Спогодбата.

Член 26

Сукцесивен увоз

Во случај, на барање на увозникот и според условите утврдени од страна на царинските органи на земјата-увозничка, расклопени или несоставени производи, во рамките на значењето на Основното правило 2(а) од Хармонизираниот систем распоредени во Одделите XVI и XVII или во тарифните броеви 7308 и 9406 од Хармонизираниот систем, се увезуваат сукцесивно, се поднесува единствен доказ за потекло до царинските органи при увоз на првата пратка.

Член 27

Исклучоци во однос на доказ за потекло

1. Производи пратени во мали пакувања од физички лица до физички лица или како дел од личен багаж се прифаќаат како производи со потекло без за нив да се побара поднесување на доказ за потекло, само доколку ваквите производи не се извезуваат заради трговија и се пријавени како производи кои ги исполнуваат барањата од овој Протокол и во случаи кога не постои сомнеж за веродостојноста на ваквата изјава. Во случај на производи пратени по пошта, оваа изјава може да се изготви на царинската декларација CN22/CN23 или на лист хартија прикачен на тој документ.

2. Повремен увоз што се состои само од производи за лична употреба на примателите или патниците или нивните семејства не се смета за увоз заради трговија ако е очигледно од природата и количината на производите дека истите не се за трговски цели.

3. Исто така, вкупната вредност на овие производи не смее да надминува 500 евра во случај на мали пакувања или 1 200 евра во случај на производи што се дел од личниот багаж на патниците.

Член 28

Придружни документи

Документите наведени во член 17(3) и 22(5) што се користат како потврдадека производите опфатени во уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД или изјава за потекло, изјава за потекло ЕУР-МЕД може да се сметаат за производи со потекло од Обединетото Кралство, Северна Македонија или во некоја од другите земји наведени во член 3 и 4 и ги исполнуваат другите барања од овој Протокол, може, *меѓу другото*, да се состојат од следново:

(а) директни докази за процесите извршени од страна на извозникот илидобавувачот за добивање на односната стока, како што се, на пример, неговите сметки или интерно книговодство;

(б) документи што го потврдуваат статусот на потекло на употребените материјали, издадени или изготвени во Обединетото Кралство или во Северна Македонија каде овие документи се употребуваат во согласност содомашното законодавство;

(в) документи што ја потврдуваат обработката или преработката на материјалите во Обединетото Кралство или Северна Македонија, издадени или изготвени во

Обединетото Кралство или Северна Македонија, каде овие документи се употребуваат во согласност со домашното законодавство;

(г) уверенија за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, изјава за потекло или изјава за потекло ЕУР-МЕД што го потврдуваат статусот на потекло на употребените материјали, издадени или изготвени во Обединетото Кралство или Северна Македонија во согласност со овој Протокол, или во некоја од другите земји или територии споменати во член 3 и 4, во согласност со правилата на потекло што се идентични соправилата во овој Протокол;

(д) соодветни докази во однос на обработката или преработката извршена надвор од Обединетото Кралство, Северна Македонија или другите земји наведени во членовите 3 и 4 со примена на член 12, што служат како доказ дека барањата од тој член се исполнети.

Член 29

Чување на доказ за потекло и придружни документи

1. Извозникот кој бара издавање на уверение за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД, документите наведени во член 17(3) мора да ги чува најмалку три години.

2. Извозникот кој бара издавање на изјава за потекло ЕУР.1 или изјава за потекло ЕУР-МЕД, документите наведени во член 22(5) мора да ги чува најмалку три години.

3. Царинските органи на земјата-извозничка кои го издаваат изјава за потекло ЕУР.1 или изјава за потекло ЕУР-МЕД мора да го чуваат барањето наведено во член 17(2) најмалку три години.

4. Царинските органи на земјата-увозничка мора да го чуваат уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД и изјавите за потекло и изјавите за потекло ЕУР.1 или ЕУР-МЕД поднесени до нив најмалку три години

Член 30

Несовпаѓања и формални грешки

1. Откривањето на мали несовпаѓања меѓу изјавите дадени во доказот за потекло и изјавите дадени во документите поднесени до царинските органи заради извршување на формалностите за увоз на производи само *по себе* не го поништува доказот за потекло ако според правилата се утврди дека овој документ одговара на поднесените производи.

2. Очигледни формални грешки, како што се печатни грешки во доказот за потекло, не треба да доведат отфрлање на овој документ, ако овие грешки не предизвикуваат сомнеж во однос на точноста на изјавите дадени во овој документ.

Член 31

Износи изразени во евра

1. За примената на одредбите од член 22(1)(б) и член 27(3) во случаи во кои вредноста на производите кои не се фактурирани во евра, износите во националните валути на земјите наведени во член 3 и 4 еквивалентни на износите наведени во евра се утврдуваат на годишно ниво од секоја од земјите.

2. Секоја пратка ги користи придобивките од одредбите од член 22(1)(б) или член 27(3) со повикување на валутата во која е изготвена фактурата, во согласност со утврдениот износ од страна на засегнатата Страна.

3. Износите што треба да се изразат во секоја од дадените национални валути се еднакви во таа валута со износите изразени во евра според курсот на првиот работен ден од октомври и се применуваат од 1 јануари идната година. Страните се известуваат меѓусебно за релевантните износи.

4. Секоја од страните може да го заокружи износот (со зголемување или намалување) како резултат на конверзијата на износот изразен во евра во нејзината национална валута. Заокружениот износ како резултат на конверзијата не може да се разликува од износот за повеќе од 5%. Секоја земја може да не го измени еквивалентниот износ во својата валута на износот изразен во евра, во времето на годишното усогласување предвидено во став 3, ако конверзијата на тој износ, пред заокружувањето, резултира во зголемување на еквивалентниот износ во националната валута со помалку од 15%. Еквивалентниот износ во националната валута може да биде задржан доколку конверзијата резултира во намалување на тој еквивалентен износ.

5. Износите изразени во евра се разгледуваат од страна на Советот за партнерство, трговија и соработка, на барање на која било од страните. При спроведување на ова разгледување, Советот за партнерство, трговија и соработка ги зема предвид барањата за зачувување на влијанија на односните ограничувања. За оваа цел, тој може да одлучи да ги измени износите изразени во евра.

ГЛАВА VI

ПОСТАПКИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА

Член 32

Заемна помош

1. Царинските органи на Обединетото Кралство и Северна Македонија меѓусебно доставуваат примерок од печатите што ги користат нивните царински управи за издавање на уверенија за движење ЕУР.1 и ЕУР-МЕД, кои ги содржат и адресите на царинските органи одговорни за верификација на тие уверенија, изјави за потекло и изјави за потекло ЕУР-МЕД.

2. Со цел да се обезбеди правилна примена на овој Протокол, Обединетото Кралство и Северна Македонија меѓусебно си помагаат, преку надлежните царински управи, во

проверката на автентичноста на уверенијата за движење ЕУР.1 и ЕУР-МЕД, изјавите за потекло и изјавите за потекло ЕУР-МЕД и во однос на точноста на информациите дадени во тие документи.

Член 33

Верификација на доказите за потекло

1. Дополнителните верификации на доказите за потекло се вршат по случаен избор или кога царинските органи на земјата-увозничка имаат основани сомненија во поглед на автентичноста на овие документи, статусот на потекло на односните производи или исполнувањето на другите барања од овој Протокол.

2. Со цел спроведување на одредбите од став 1, царинските органи на земјата-увозничка го враќаат уверението за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД и фактурата, ако е доставена, изјавата за потекло во фактурата, или изјавата за потекло, или копија од овие документи, до царинските органи на земјата-извозничка, наведувајќи ги, онаму каде што е потребно, причините за испитувањето. Сите добиени документи и информации што укажуваат дека податоците дадени во доказот за потекло се неточни се препраќаат како дополнување на барањето за верификација.

3. Верификацијата ја вршат царинските органи на земјата-извозничка. За таа цел, тие имаат право да побараат секаков вид на докази и да извршат секаков вид на увид во сметките на извозникот или секаков вид на проверка што го сметаат за соодветен.

4. Доколку царинските органи на земјата-увозничка одлучат да го прекинат преференцијалниот третман за односните производи додека се чекаат резултатите од верификацијата, на увозникот му се нуди да ги преземе производите со преземање на неопходните мерки на обезбедување.

5. Царинските органи кои ја бараат верификацијата се известуваат за резултатите од оваа верификација во најкраток можен рок. Овие резултати може јасно да покажат дали документите се автентични и дали односните производи може да се сметаат за производи со потекло од Обединетото Кралство, во Северна Македонија или од некоја од другите земји наведени во член 3 и 4 и дали ги исполнуваат другите барања од овој Протокол.

6. Доколку во случај на основано сомнение нема одговор на истото во рок од десет месеци од датумот на поднесување на барањето или доколку одговорот не содржи доволно информации за да се потврди автентичноста на односниот документ или вистинското потекло на производите, царинските органи кои ја бараат верификацијата, освен во исклучителни случаи, го одбиваат доделувањето на преференцијалниот третман.

Член 34

Решавање спорови

Во случај на спор во однос на постапката за верификација од член 33 што не може да се разреши меѓу царинските органи кои бараат верификација и царинските органи одговорни за извршување на верификацијата, тие се поднесуваат до [Советот за партнерство, трговија и соработка.]

